***Информатор бр 18***
Јуни-Ноември 2004

# ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ - МЕЃАШИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
(ПДАСМ)
***1992-2004***

ул"Коста Новаковиќ"бр22а 1000 Скопје
Телефон: (389-2) 2465-316; 2465821 Телефон/Факс: (389-2) 2463-900
E-mail: first@childrensembassy.org.mk
Веб страна: www.childrensembassy.org.mk

**Во овој број**

1. **ПИСМО**
2. **МАКЕДОНСКИ ВОЛОНТЕРИ ВО АКЦИЈА**
3. **ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО Р.М**
4. **ДОБРОВОЛНИ ПРИЛОЗИ И ДОНАЦИИ**
5. **СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ**
6. **ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ**
7. **УЧЕСТВА**
8. **ПРОЕКТ-КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС-МЕЃАШИ**
9. **ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА**

## 1. ПИСМО

**П**роектот **Иницијатива за подобро меѓусебно разбирање** започна во јуни 2003 година и траеше до јули 2004. Во него беа вклучени 50 ученици од македонска и албанска националност од средното медицинско училиште "Др Панче Караѓозов" и 20 професори/ки кои учествуваа на три тренинзи за ненасилна разработка на конфликти и еден тренинг за фацилитација на работилници. Уште еднаш му се заблагодаруваме на Институтот за трајни заедници за финансиската поддршка на проектот.

Во јуни беа организирани две дводневни работилници во хотел Цар Самоил - Струмица на кои учествуваа вкупно 40 ученици. Тренерскиот тим го сочинуваа: Ана Битољану, Љубица Алексова, Зумрете Јакупи, Гордана Пирковска Змијанац, Блерим Јашари, Диме Илиев.

На една од тие работилници се роди **Писмото до јавноста**:

***"Во услови на еден општ хаос во светот убаво е да се дознае што прават младите за да си ја подобрат индннината да го направат светот подобро место за живеење. Ако светот настанал и започнал со најситните организми тогаш и младите би можеле да направат за да еволуира заедничкиот живот, љубовта и мирот. Почетокот на таа еволуција е Првата детска амбасада во светот-Меѓаши со која имавме можност да работиме во повеќе работилници на многу заеднички проекти, па дури и да посетиме семинари. Ова писмо се упатува до целата јавност која не знае дека постои мешана група на македонци,***

***албанци, турци, босанци и за кои не знаат дека тие сите заедно се дружат и почитуваат меѓу себе. ПДАС-Меѓаши во соработка со ДСМУ Д-р Панче Караѓозов од Скопје организираа проект чија основна цел е меѓуетничкото разбирање, доверба и дружење. Сите ти забави, вежби и изненадувања допреа до нас и дозволија да се искажуваме и да ги извлечеме сите зборови кои се наоѓаа во длабочината на нашите срца. Освен индивидуалните вежби се работеше тимски каде успеавме да ги надминеме предрасудите, несогласувањата и речиси секогаш функциониравме како едно.***

***Ова направи белег кој секогаш ќе остане во нашето минато т.е ова сеќавање ќе биде од посебно значење зошто направи да бидеме СИТЕ ЗА ЕДЕН, ЕДЕН ЗА СИТЕ.***

***Со горе наведеново сакаме да кажеме дека ние младите имаме свои права кои ќе ги штитиме со тоа што ќе им кажеме на властите дека не сакаме да се делиме според етничката припадност и нема да дозволиме да има насилство меѓу нас младите, бидејќи се може да се реши со договор и дијалог кој е препорачлив начин за решавање на проблемите. Мислиме дека со овој текст ќе ги трогнеме вашите срца иако ова се само неколку реченици сакаме да сватите дека вака нам ни е супер и ние ќе продолжиме понатаму."***



*Писмото беше напишано од: Елена, Азра, Елена, Кефсер, Фуада, Петранка, Рејхан, Ѓултен, Ќенан, Азрет, Сирхана, Маргита, Фатиме, Татјана, Наиме, Зимрије, Ќефајет, Таџудин, Зелфије, Азрим, Лиридон, Фатиме, Борка и Севим.*

## 2. *МАКЕДОНСКИ ВОЛОНТЕРИ ВО АКЦИЈА*

**П**оследната фаза на проектот Македонски волонтери во акција, ја спроведовме од 15 април до 15 мај 2004 година.

Кон крајот на мај и почетокот на јуни во соработка со ОБСЕ организиравме 2 еколошки кампа на кои учество земаа околу 150 млади од Куманово, Липково, Велес, Тетово и Дебар. Учесниците ги исчистија бреговите на езерото Младост крај Велес и Дебарското езеро крај Дебар. По чистењето на бреговите на езерата, тие поставија 20 знаци: Не загадувај!

Во јуни и јули со финансиска поддршка од Призма, се имплементираа 19 мали проекти во 10-те заедници каде се спроведуваше проектот. Повеќето од активностите беа од типот на Junior Achievement, а помал дел за поттикнување

на претприемачките вештини. Кон крајот на проектот, од 20-26 јули, Македонските волонтери организираа еден летен камп во Охрид кој беше организиран со цел дружење на младите од различни региони во Македонија. Но покрај дружењето учесниците на кампот присуствуваа и на работилниците кои ги држеа фацилитаторите од Јуниор Ацхиевемент-Македонија. Работилниците беа со цел да ги запознаат младите со основите на претприемништвото како на пр: пишување резиме, маркетинг, берза итн. Додека траеше кампот учесниците изработуваа производи од керамика и други материјали и истите на крајот од кампот ги продаваа со цел практично да го применат стекнатото знаење. На кампот учествуваа 40 млади на возраст од 14 до 16 години кои ги придружуваа 15-тина волонтери.



Крајот на јули и 15-те дена од август беа резервирани за затворање на проектот и финалните извештаи. Се разделивме од 40-тината волонтери распространети низ 10-те града во Македонија, им ги поделивме заслужените препораки и ги зачувавме добрите спомени и контактите за понатамошните средби. Овој проект го финансираше USAID-CSHI.

### *3. ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

**П**рвата детска амбасада во светот-Меѓаши во соработка со Х.А. ЕСЕ во периодот од јуни до септември подготви 53 предлог амандмани за измена и дополнување на  Законот за семејство и забелешки по предлог законите за социјална и детска заштита. Исто така беше подготвена и доставена претставка до Уставниот Суд со иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на одредбите во членовите на Законот за семејството.

Во рамките на проектот за подобрена заштита  на децата, финансиран од Њорлд Леарнинг преку УСАИД, Милица Панева член на Колегиумот на ПДАС-Меѓаши подготви брошура која ги содржи  предлозите и препораките кои се однесуваат на социјалните и други права на децата во Република Македонија. Брошурата ги содржи следниве теми:

- Статистички преглед на состојбата на децата и младата популација во РМ
- Историско истражување во поглед на детската заштита
- Системот на детска заштита кој се применува во рамки на законската рамка
- Анализа на имплементацијата на детските права на различни полиња (реализација на обврските кон децата почнувајќи 0 до 18 год. возраст) од страна на семејството, државата, владата, институциите
- Заклучоци

### *4. ДОБРОВОЛНИ ПРИЛОЗИ И ДОНАЦИИ*

**В**о ПДАС-Меѓаши секојдневно се обраќаат голем број социјално загрозени семејства со барање за обезбедување било каква поддршка за нивните деца.

Благодарност до книжарниците ***ОФСЕТ МК, ДАЛС*** и ***АБВ*** кои за почетокот на школската година обезбедија школски прибор за децата од прифатилиштето на ПДАС-Меѓаши како и за децата чии родители се социјално загрозени.

***Димитар Гучев***-активист во текот на овие пет месеци неколку пати донесе пакети со стара сочувана облека за раселените и социјално загрозените лица, како и телевизор кој го донираше на едно од семејствата во нашето прифатилиште.

На 19.10.2004 на семејствата од населбата Шуто Оризари чии куќи беа опожарени им подаривме нова облека која се состоеше од кошули, вратоврски, чевли, одела, машки и женски капути.

## *5. СОС-ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ*

**В**тората половина од годината СОС телефонот ја започна со тим од 20 волонтери и работно време од 10:30 до 20:00 часот. За супервизијата и натаму е задолжен Станислав Петковски-специјалист по медицинска психологија. Покрај состаноците, како дел од тренингот, волонтерите го посетија и детското село-(СОС Киндердорф), учествуваа на работилници во Крушино, на кои покрај супервизорот, во работата со волонтерите се вклучија и Гордана Пирковска Змијанац и Ана Битољану со работилници за подобрување на тимската работа и организацијата на СОС телефонот, а Ана Битољану нејзината волонтерска работа со тимот ја продолжи и во наредните месеци. Започна и подготовката на Прирачник за работа на волонтерите на СОС телефонот и припрема на  нов информативен материјал за СОС (пенкала, календарчиња).

Во рамките на кампањата за промовирање на СОС телефонот за деца и млади, сите основни училишта во Македонија ги покривме со информативен материјал за телефонот, а во план е уште една таква акција, со тоа што овој пат покрај основните, ќе ги покриеме и средните училишта во земјата. Со иста цел, во изминатиот период беа дадени и 8 интервјуа за различни пишани и електронски медиуми: Радио Куманово, Радио Равел, ТВ МТМ, дневниот печат ”Дневник”, Репортер, МТВ-Албанска редакција, Македонско радио и А1 телевизија.

Еве накратко еден пример на јавување од летниот период во врска со сексуално злоставување.

***Седумнаесет годишна девојка се информираше што може да преземе бидејќи нејзиниот дечко секојдневно ја злоупотребува. Причината поради која се јави беше стравот проблемот да го каже на нејзините родители, при што и беше предложено овој проблем да го каже на некој нејзин роднина или пријател. Ја советувавме да оди на лекарски преглед како би ја проверила својата здравствена состојба и веројатноста од можна бременост, можност да оди во полиција или да оди во Центарот за детска правда за да добие бесплатен правен совет.***

***Повторен повик од девојката имавме по два дена. Добивме одговор дека не е востановена бременост и дека се е во ред со нејзината здравствена состојба. Исто така не информира дека стапила во контакт со Центарот за детска правда кој понатаму ја советувале како и што да прави***

Работата на СОС телефонот се спроведува благодарение на волонтерите: Нермина Нумановиќ, Каменка Мурџева, Надица Гашовска, Илија Дојчиновски, Рената Јаневска, Александра Ристовска, Дејан Атанасов, Љупка Наумовска, Маја Корубин, Марија Стојкоска, Васка Јованоска, Мирјана Милческа, Марина Павловска, Сашка Ѓорѓиоска, Игор Угриновски,Јасминка Божиновска, Елена Николова, Анета Алтанџиева, Виолета Димовска, Билјана Митева, Ирена Ташева, Убавка Зимбакова.

Финансиери на проектот се Холандската Амбасада и БЦЅФ (Балканска Фондација за Деца и Млади), а координатор е Флоријан Наумов дипломиран психолог.

## *6. ДЕТСКИ РАБОТИЛНИЦИ*

**Н**а 12 Октомври со работа започна новиот циклус детски работилници. Овој проект од година во година се надополнува со нови работилници кои опфаќаат различни и несекојдневни теми. Годинава се креирани следниве работилници:

- англиски јазик
- француски јазик
- компјутери
- археологија
- медиумска култура
- литература
- ликовна уметност
- оригами
- едукација за човековите вредности



Пошироката јавност за нашата работа беше запознаена преку пишаните и електронските медиуми. Бројот на децата кои ги посетуваат работилниците изнесува 110. Тие се одржуваат еднаш неделно со времетраење од 90 минути. Оваа година како резултат на големата посетеност и заинтересираност работилниците се изведуваат во три термини од 16:00 до 17:30, од 17:30 до 19:00, како и од 19:00 до 20:30 часот. Детските работилници се координирани од Елена Дамјанова. Реализирањето на проектот е овозможено од сопствени средства на ПДАС-Меѓаши.

Работилниците функционираат благодарение на волонтерите: Билјана, Данче и Габриела (англиски јазик), Маја (француски јазик), Жарко, Елена и Влатко (компјутери), Оливера (медиумска култура), Нермина (литература), Наде (ликовна уметност), Цеце (оригами), Лидија (едукација за човековите вредности).

## 7. УЧЕСТВА

**О**д 1 до 12 Септември 2004 Мирјана Милческа, Веселче Леонтевска, Борче Стојановски, Магдалена и Мирхан Сулејмановски волонтери и волонтерки од ПДАС-Меѓаши учествуваа во проектот “ ***Балканот дел од Европа***” кој се одржуваше во Романија. Покрај Македонија имаше и учесници од Шведска, Романија и Бугарија.

Еве дел од изјавата на Мирјана:

***"Во рамките на проектот се одржаа и работилници за јазиците и културни разлики во Европа, презентација на секоја земја учесник од историски и културен аспект. Најзабавни беа работилниците со традиционални игри и ора и симулација на традиционална романска свадба. Проектот пружи можност да се запознаваме со културните навики на младите од другите земји, со дел од нивните традиции, историја и култура".***

Во периодот од 02 – 05 Септември, на Голија (Нови Пазар) – Србија и Црна Гора, беше одржана работилница за младинска политика во организација на МОБА Проект на која како претставник на Првата детска амбасада во светот Меѓаши, учествуваше Сашка Ѓорѓиоска волонтерка на СОС телефонот за деца и млади.

***"Како учесничка можам да кажам, дека до крајот на работилницата станав по сензибилна во препознавање на потребите и проблемите на младите луѓе. Се стекнав со поголемо знаење и информираност за тоа како се изработува и спроведува акционен план за млади на локално ниво.***
***За мене оваа работилница претставуваше во голема мера, можност за работа, размена на искуство и дружење" – рече Сашка.***

## 8. ПРОЕКТ-КОНСОЛИДАЦИЈА И РАЗВОЈ НА ПДАС-МЕЃАШИ

**Е**дна од предвидените конкретни цели во рамки на проектот "Развој и консолидација на ПДАСМ", како дел од програмата за Јакнење на стратешките граѓански организации на МЦМС, претставува Унапредувањето на оддржливоста на ПДАСМ. Во тој контекст координаторката на Детските работилници Маја Танева ја следеше обуката низ работа во мај, јуни и јули организирана и реализирана од МЦМС.

Беше организирана и обука за Раководење со проектен циклус во траење од два дена во х. Радика, Маврово. На обуката учествуваше дел од волонтерскиот, координативниот и менаџерскиот тим на ПДАСМ, вкупно 10 учесници.

Во текот на Јуни и Јули се спроведе проектот "Заедно за транспарентност". Целта беше да се даде придонес кон транспарентноста, одговорноста и отчетноста на граѓанските организации.

По тој повод на 20 Јули 2004 година во хотелот Холидаѕ Инн-Скопје се одржа прес-конференција и јавна презентација на годишните извештаи, на која присуствуваа над 50 претставници на граѓански организации, медиуми, донатори, граѓани.



## 9. ПРИФАТИЛИШТЕ ЗА ДЕЦА ВО КРИЗНА СОСТОЈБА

**И**вана, Санела, Марија и Андријана се деца од шелтер центарот во ПДАС-Меѓаши. Новата школска година ја започнаа во септември во

О.У” Љубен Лапе”. Семејствата во Шелтер центарот се сместени веќе четврта година. Упатуваме благодарност до Министерството за труд и социјална политика кои ги обезбедуваат неопходните финансиски ресурси за семејствата.

**До следниот број поздрав од тимот на Првата детска амбасада во светот-Меѓаши - Република Македонија**